РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 24.09.2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 11/206 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **класична гитара** за шесто одделение на шестгодишното основно музичко и балетско образование.

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# КЛАСИЧНА ГИТАРА

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ШЕСТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2013

## ВОВЕД

Во шестгодишното основно музичко училиште на инструментот гитара можат да се запишат ученици кои наполниле девет години. Целта на наставата по гитара е на учениците да им се развие љубов кон инструментот и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Учениците се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за изведување на музичките дела и се оспособуваат за самостојна работа на инструментот гитара. Наставната програма за гитара има цел ученикот да се подготви технички и музички да го совлада инструментот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и за активна професионална дејност.

Наставата се изведува индивидуално. На крајот од учебната година секој ученик полага годишен испит.

**- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.**

**- Статус на предметот: задолжителен.**

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да употребува неправилни ритми во композициите (како фолклорните:5/8, 7/8, 9/8);
- да применува правилна стилска интерпретација на музиката;
- да дискутира за стилските карактеристики на делата од различни периоди;
- да демонстрира свирење на природни флажолетни тонови на V позиција;
- да применува пицикато при свирење композиции;
- да применува тамбора во композициите;
- да употребува глисандо во композициите;
- да развива и негува прецизен и чист тон;
- да применува прештимување на шеста жица во D (ре) и петта жица G (сол);
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да применува композиции кои содржат двогласија или повеќегласие (полифонија);
- да демонстрира свирење на нотен текст со посложена ритмичко, мелодиска и хармонска структура ;
- да демонстрира свирење на основните орнаменти (украс, трилер).

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: **ЕФЕКТИ, ФЛАЖОЛЕТИ И СТИЛСКА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА(57 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се приспособува за свирење на композиции со неправилен ритам;<br><br>-да користи правилно броење (пр-ва,вто-ра; пр-ва,вто-ра тре-та); | -Запознавање на ученикот со фолклорните ритми; | -При свирењето на композициите со неправилни ритми да се обрне внимание на точното броење во:<br>-5/8<br>-7/8<br>-9/8; | - Анализа на компзициите со неправилни ритми, нивно слушање и препознавање.<br><br>- Демонстрирање на правилна изведба на неправилните ритми (хемиола) низ зададените композиции. |
| -да применува пицикато на одредените композиции; | -Објаснување за начинот на свирење пицикато | -pizz.- означување на начинот на свирење пицикато<br>- Пицикато – придушен тон | -Начин на свирење на пицикато: покривање на жиците на почетокот на кобилицата и свирење со палецот од десната рака. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да применува тамбора во одредените композиции;<br><br>-да применува глисандо во композициите;<br><br>- да ги разбира стилските карактериски на композицијата;<br><br>- да демонстрира свирење на | -Свирење музички пиеси каде се употребува тамбора<br><br>-Демонстрирање на начинот на свирење глисандо<br><br>-Свирење композиции различни стилови<br><br>-Употреба на флажолетни тонови на сите | -tamb.-означување на начинот на свирење на тамбора над акордот или тонот.<br><br>-Тамбора - удирачки акорд или тон<br><br>-gliss.-означување на начинот на свирење глисандо<br>-Глисандо-лизгање од еден тон на друг во хроматски низ<br><br>-Ренесанса<br><br>-Барок<br><br>-Класицизам<br><br>-Романтизам | -Тамбора се свири со краток удар врз жиците со десната рака и тоа:<br><br>-со цела шака<br><br>-со палец<br><br>-со еден прст.<br><br>-Објаснување на глисандо, повлекување на еден прст од левата рака од едно поле на наредно и употреба на различни прсти од левата рака при изведба.<br><br>-Објаснување на стилските карактерисктики на секој период посебно.<br><br>-Слушање композиции кои содржат употреба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| природни флажолетни (аликвотни) тонови на V поле; | жици на V поле | -Ознака за флажолетен тон:fl, h и сл. Со арапски или римски број за полето на кое треба да се отсвири | на фражолетни (аликвотни) тонови. |
| -да развива прештимување на шестата жица од mi ( E ) во ре ( D ) и на петтата жица од ла ( A ) во сол (G); | -Свирење на етиди и композиции во кои се употребува прештимување на петтата и шестата жица | -При штимањето да се обрне внимание на петтата и третата жица да звучат исто, т.е. октава, исто важи и за четвртата и шестата жица | -Објаснување како се штимаат жиците. |
| -покажување интерес за посета на концерти, јавни часови и семинари;<br><br>-да објаснува за двогласие и повеќегласие (поклифонија) низ основни музички примери. | -Употреба на двогласни или повеќегласни композиции . | -Истакнување на двата гласа истовремено | - Посетување  јавни часови и  концерти на ученици, како и други манифестации и дискусија за стекнатите впечатоци од слушнатото.<br><br>Методи:<br><br>-објаснување и демонстрирање од страна на наставникот;<br><br>-примена од страна на ученикот низ технички вежби, а подоцна и композиции;<br><br>-инструментална презентација од аудио-видео записи и сл. |

| Тема: **ОРНАМЕНТИ (15 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се приспособува да примена на посложена ритмичка, хармонска и мелодиска структура во делата;<br><br>- да покажува правилно броење и тактирање;<br><br>- да развива чувство за дводелност и триделност, четириделност;<br><br>- да разликува дводелен и тroделен и четвороделен метар;<br><br>-да објаснува што е тоа орнамент;<br><br>- да развива способност за прецизно демонстрирање на орнаментите. | Дводелност, триделност и четвороделност<br><br>Нотни вредности:<br><br>- синкопи (со осмини и шеснаестини ноти)<br><br>-осмина пунктирана со шеснаестина и обратно<br><br>-Употреба на барокни пиеси каде има украсни тонови | Дводелност (броење еден-два), триделност (броење еден-два-три) и четириделност (броење еден-два-три-четири)<br><br>-Орнамент или украсен тон, т.е. брза нота или ноти околу основниот тон<br><br>-Трилер. | - Свирење на четвртини, осмини, триоли и шеснаестини ноти и истовремено броење на глас.<br><br>- Свирење на вежби со комбинации од различни нотни вредности.<br><br>- Воочување на тактот врз основа на зададениот материјал за 2-делност, 3-делност и 4-делност.<br><br>- Читање на зададениот материјал со тактирање. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Часот по гитара треба да вклучува различни видови музички активности.

Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот и снимена, за полесно воочување на нејзиниот карактер, изразните средства,како и за доживување и совладување на наставните содржини.

Учениците треба да се навикнуваат на свирење по ноти со почитување на сите ознаки (прсторед, темпо, динамика), со израз и правилно фразирање и со прецизен ритам.

Се препорачува посетување на концерти, јавни часови, приредби и семинари во текот на целата учебна година, како и слушање на разновидна музика, а особено на оние композиции кои се изведуваат.

I тема-Ефекти, флажолети и стилска интерпретација - 57 часа
II тема-Орнаменти - 15 часа

**Наставни средства:**

- музички инструмент-гитара;
- мало столче за нога и пулт;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД плеер, компјутер);
- Интернет, образовни софтвери.

**Користена литература:**

- М. Ѓулијани - Етиди

- Л. Брауер - Етиди

-Х. Сагрерас -Лекции за гитара

ЕДОНИЈ ...АНИЕ И...

**Други композиции:**

- J. С. Бах - Буре, Менует, Алеманда

-С. Л. Вајс-Свита во д-мол ( еден став по избор)

- Ф. Тарега-Лакрима

- Ф. Тарега-Аделита

- Ф. Тарега-Росита-Полка

-М. Ѓулијани-Сонатина

-А.Дијабели-Соната

-Л. Брауер-Еден ден во ноември  и други композиции по слободен избор на наставникот.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се собираат показатели за нивните активности,се следи ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, мотивираноста за музичкото изразување и сл. Индивидуалниот пристап на наставникот кон постигањата на секој поединечен ученик игра голема улога во наставата по инструментот гитара.На крајот на првото полугодие,а потоа и на второто се организира јавен час кој е отворен за наставници,родители и ученици. На јавниот час секој ученик може да ги покаже своите постигнувања од текот на целата учебна година. Оценувањето е со оценка од 1 до 5.

На крајот на учебната година ученикот полага завршен испит.

Испитната програма содржи:

-Три или четри  композиции или етиди по избор на наставникот од кои една задолжителна од периодот на ренесансата или барокот.

## 5. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

Ученикот/ученичката:

- употребува правилно држење на телото и рацете при свирењето;
- покажува интерес кон инструментот и музиката воопшто;
- демонстрира скали-дурски и молски во  две октави со повеќе предзнаци;
- демонстрира точен нотен текст, музички термини и ознаки;
- негува култивиран пријатен тон;
- демонстрира правилна стилска интерпретација на музиката;
- дискутира за истакнати музички уметници и творци во земјата и странство.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА  НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор и наставни средства  за основно музичко училиште донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа по гитара во шесто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
-факултет за музичка уметност, студиска програма гитара и стручен назив дипломиран гитарист.
Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**Изготвил:** Работна група формирана со решение број 02-339/1 од  19.02.2013 година

**Координатор:**  м-р Анкица Витанова, советник, Биро за развој на образованието

**Контролирал:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор

**Одобрил**: м-р Весна Хорватовиќ, директор

## Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Наставната програма по **класична гитара** за шесто одделение на шестгодишното основно музичко и балетско образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4988/1
17.09. 2013 год.
СКОПЈЕ

на ден ____________________________

Скопје

Министер,

____________________________

Спиро Ристовски